# 89. ЗЕДОВ ЖЕНА МРЗЕЛИВА

Крај: Чемерско, Тиквеш
Пеел: Јованче Чемерски
Роден: Чемерско, 1885 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 246/2
Снимена: Кавадарци
22 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 06.06.1964.




Зедов жена мрзелива.
Фана жена се разболе.
Ја заведов на бајакот,
бајак вели: „фајде нема“.
Ја заведов на доктурот,
доктур вели: „фајде нема“.
Ја заведов дури дома,
па си зедов суровица,
фана жена, си оздраве,
фајде има, мрза нема.

Забелешка: Рефренот: „Де, гиди де, де, гиди, де“ се пее по секој стих. Песната е шеговна. Се пее на оро и игра на свадби, слави, попредок итн. Спаѓа во групата „доселенички селски песни“.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978